– Сектор за правни работи–

Друштво за компјутерско образование
СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ДОО
Бр. 0307-661
29.11.2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-12342/1
Датум: 29-11-2022

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги - ИКТ професионални обуки (Дел 1: Обуки за системски администратори и програмери)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за компјутерско образование СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ДОО Скопје, со седиште на Бул.„Кузман Јосифовски Питу", бр.19, локал 8, во Скопје, претставувано од Валентина Тасева, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуга за обуки за системски администратори и програмери, по спроведената поедноставена отворена постапка, по оглас бр.17433/2022.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации (Прилог 1) на овој договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната максимална вредност на овој договор без пресметан ДДВ изнесува 520.000,00 денари.

На износот од став 1 од овој член не се пресметува данок на додадена вредност, согласно со член 23, став 1, точка 17 од Законот за данокот за додадена вредност.

Единечните цени за спроведување на обуките – предмет на овој договор наведени во понудата прифатена од договорниот орган која е составен дел од договорот (Прилог 2) се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот.

Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на договорот односно сите обуки наведени во понудата (Прилог 2) кон договорот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни или до целосно искористување на максималната вредност на договорот.

## IV.НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 4

Носителот на набавката е должен предмет на набавката да ја извршува согласно со техничките спецификации (Прилог 1) на овој договор.

Обуката да биде спроведена од овластен тренинг центар и авторизиран предавач од соодветната област.

Обуката треба да се спроведе на Македонски, Албански или Англиски јазик.

За секоја обука за слушателот од договорниот орган да се обезбедат официјални материјали за курсевите и официјални вежби.

Обуките да се одржат во тренинг центри на носителот на набавката, а слушателите од договорниот орган по завршувањето на истите да добијат официјални сертификати за успешно завршување на обуките.

## V.РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 5

Услугите за спроведување на обуките – предмет на договорот се реализираат во период од една година.

Терминот за реализација на конкретната обука ќе биде договорен со носителот на набавката и договорниот орган.

Член 6

Двете договорни страни се должни со податоците и документите до кои дошле при извршување на предметот на овој договор, да постапуваат согласно со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

## VI.НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Договорниот орган плаќањето за предметната набавка ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата за секоја извршена обука.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса ул.„ Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан дадок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која

ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 9

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација и да ги извршува обврските стручно и квалитетно придржувајќи се кон прифатените услови дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел на овој договор.

По склучување на договорот, носителот на набавката е должен да му достави на договорниот орган список на лицата кои ќе бидат задолжени за реализација на услугата –предмет на договорот.

### Член 10

Носителот на набавката е особено должен:

- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметната набавка, придржувајќи се кон барањата од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметната набавка;
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 11

Договорниот орган е должен да определи лице/а задолжен/и за реализацијата на предметниот договор и за истото е должен да го извести носителот на набавката по склучување на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга согласно член 7 од овој договор.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

### Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 15

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат

нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и другите позитивни законски прописи.

### Член 18

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 19

Овој договор важи од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

– Сектор за правни работи–

Член 20

При секоја обработка на личните податоци во тек на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 21

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за компјутерско образование |
| Министерство за финансии | СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН |
| Скопје | ЦЕНТАР ДОО Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi | Валентина Тасева |
| Министер за финансии | Управител |

| | |
|---|---|
| Изработил: | Мариа Анѓелеска |
| Контролирал: | Даниела Јанкова |
| | Елизабета Калачоска |
| Одобрил: | Татјана Васева |
| Проверил: | Daut Hajrullahi |
| | м-р Маја Стаменковска Угриновска |
| Согласен: | д-р Јелена Таст |

Прилог 1

## Техничка спецификација
## „ ИКТ професионални обуки “

Министерството за финансии има потреба за спроведување на специјализирани стручни обуки од областа на ИКТ за вработените во Секторот за Информатика. Изборот на обуките е во согласност со нивните секојдневни работни задачи како и со развојот на ИТ технологиите кои се применуваат на хардверско и софтверско ниво.

Во табелите подолу се наведени обуките и индикативниот број на слушатели:

Дел 1 – Обуки за системски администратори и програмери

| Ред. Број | Област | Обука | Број на слушатели** | Минимум број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Microsoft Exchange | MS-203: Microsoft 365 Messaging | 5 | 40 |
| 2 | VMware vSphere | VMware vSphere: Install, Configure, Manage [V7] | 5 | 40 |
| 3 | VMware vSphere | VMware vSphere: Optimize and Scale [V7] | 5 | 40 |
| 4 | Power BI | PL-300: Microsoft Power BI Data Analyst | 5 | 40 |
| 5 | Software Testing | ISTQB Software Testing Foundation | 7 | 24 |
| 6 | Javascript Developer | Javascript Full Stack Developer | 3 | 225 |
| 7 | Android | Development of Android Applications | 3 | 40 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Python | Python I | 10 | 30 |
| 9 | Python | Python II | 10 | 30 |
| 10 | Linux System | Linux System Administrator 101 | 5 | 32 |
| 11 | Linux System | Linux System Administrator 102 | 5 | 32 |
| 12 | SQL Database Administration | DP-300: Administering Relational Databases on Microsoft Azure | 5 | 40 |
| 13 | SQL Database | DP-080: Querying Data with Microsoft Transact-SQL | 5 | 40 |

Обуката да биде спроведена од овластен тренинг центар и авторизиран предавач од соодветната област.

Обуката треба да спроведе на Македонски, Албански или Англиски јазик.

За секоја обука за слушателот да се обезбедат официјални материјали за курсевите и официјални вежби.

Обуките да се одржат во тренинг центри на Носителот на набавката, а слушателите по завршувањето на истите да добијат официјални сертификати за успешно завршување на обуките.

Курсевите ќе бидат реализирани во период од една година.

Времето на реализација на конкретен курс ќе биде договорен со економскиот оператор кој е носител на набавката и корисникот – договорниот орган.

Во цената на обуките треба да се предвидат и официјалните испити.

*Понудата треба да се даде за секоја обука за еден учесник.

**Договорниот орган го задржува правото да не ги искористи сите обуки, а исто така бројот на учесници е индикативен и може да се измени согласно потребата на договорниот орган.

**ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА за Дел 1 – Обуки за системски администратори и програмери**

Во врска со огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за доделување на договор за јавна набавка на услуги – ИКТ професионални обуки со спроведување на поедноставена отворена постапка и на тендерската документација која ја презедовме преку ЕСЈН, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

1.Име на понудувачот: **Семос Компјутерски Образовен Центар ДОО Скопје**

2. Контакт информации

- Адреса: **бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 19, локал 8, 1000 Скопје**

-Телефон: **02 3130 900**

-Факс: /

- Е-пошта: **kursevi@semos.com.mk**

- Лице за контакт: **Ирена Ивановска**

3. Одговорно лице: **Валентина Тасева**

4. Даночен број: **4030995201500**
5. Матичен број: **5055849**

СЕМОС едукација

Бул. К.Ј. Питу бр.19 лок 8., 1000 Скопје | тел/факс:+389 2 31 30 900,
kursevi@semos.com.mk | www.semosedu.com.mk

## II. ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОНУДА

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме услугите за ИКТ професионални обуки.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, (како збир на единечни цени) изнесува: **3.166.950,00** *[со бројки]* **три милиони сто шеесет и шест илјади деветстотини и педесет** *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ____/____________.

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Ред. Бр. | Област | Обука | Индикативен број на слушатели | Минимален број на часови | Единечна цена за еден слушател по обука без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (број на слушатели x единечна цена) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Microsoft Exchange | MS-203: Microsoft 365 Messaging | 5 | 40 | 50.024,00 | 250.120,00 |
| 2 | VMware vSphere | VMware vSphere: Install, Configure, Manage [V7] | 5 | 40 | 92.868,00 | 464.340,00 |
| 3 | VMware vSphere | VMware vSphere: Optimize and Scale [V7] | 5 | 40 | 92.868,00 | 464.340,00 |
| 4 | Power BI | PL-300: Microsoft Power BI Data Analyst | 5 | 40 | 39.535,00 | 197.675,00 |
| 5 | Software Testing | ISTQB Software Testing Foundation | 7 | 24 | 38.940,00 | 272.580,00 |
| 6 | Javascript Developer | Javascript Full Stack Developer | 3 | 225 | 95.975,00 | 287.925,00 |
| 7 | Android | Development of Android Applications | 3 | 40 | 15.450,00 | 46.350,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Python | Python I | 10 | 30 | 18.500,00 | 185.000,00 |
| 9 | Python | Python II | 10 | 30 | 21.000,00 | 210.000,00 |
| 10 | Linux System | Linux System Administrator 101 | 5 | 32 | 40.400,00 | 202.000,00 |
| 11 | Linux System | Linux System Administrator 102 | 5 | 32 | 40.400,00 | 202.000,00 |
| 12 | SQL Database Administratio n | DP-300: Administering Relational Databases on Microsoft Azure | 5 | 40 | 46.024,00 | 230.120,00 |
| 13 | SQL Database | DP-080: Querying Data with Microsoft Transact-SQL | 5 | 40 | 30.900,00 | 154.500,00 |

**II.3.** Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

<u>IV. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:</u>

Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧОТ;
2. ТЕХНИЧКА ПОНУДА;
3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА;
4. ПРИЛОЗИ:

- изјава за сериозност на понудата (Прилог 2);
- изјава за докажување способност (Прилог 3) или документи за докажување на способност;
- документи означени како деловна тајна (ако нема доверливи информации, да не се прикачуваат документи во полето „Деловна тајна“ од образецот на понуда на ЕСЈН);
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори);
- податоци за подизведувач (се доставува само во случај да се ангажира подизведувач/и).

Со поднесување на оваа понуда, изјавуваме дека во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

Место и датум

Скопје, 31.10.2022

Одговорно лице

(потпис*)

Valentina Taseva

Digitally signed by Valentina Taseva
Date: 2022.10.31 13:06:24 +01'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*